УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

ISSN 1857-8713

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# YEARBOOK

ГОДИНА 12 VOLUME XII

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP
FACULTY OF LAW

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**

ISSN 1857-8713

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2022

# YEARBOOK
# 2022

ГОДИНА 12 VOLUME XII

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**
**YEARBOOK**
**FACULTY OF LAW**

**За издавачот**
Проф. д-р Олга Кошевалиска
For the publisher:
Assoc. prof. Olga Koshevaliska, Ph.D

| | |
|---|---|
| **Издавачки совет** | **Editorial board** |
| Проф. д-р Дејан Мираковски | Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D. |
| Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D. |
| Проф. д-р Јован Ананиев | Prof. Jovan Ananiev, Ph. D |
| Проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D |
| **Меѓународен програмски комитет** | **International Editorial board** |
| Проф. Џорџа Бевилаква, | Prof. Giorgia Bevilacqua, |
| Универзитет на Кампаниа | Università di Campania ‘Luigi Vanvitelli’ |
| „Луиџи Ванвители“ (Италија) | (Italy) |
| Проф. Олга Кошевалиска, | Prof. Olga Koshevaliska, |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Р. Македонија) | University Goce Delcev – Stip (R. Macedonia) |
| Проф. Габриела Оанта, | Prof. Gabriela Oanta, |
| Универзитет „А Коруња“ (Шпанија) | Universita A Coruña (Spain) |
| Проф. Јован Ананиев, | Prof. Jovan Ananiev, |
| Универзитет „Гоце Деlчев“ – Штип (Р. Македонија) | University Goce Delcev – Stip (R. Macedonia) |
| Проф. Маја Савич Бојанич, | Prof. Maja Savić Bojanić, |
| Универзитетска Сараевска школа за наука и | Sarajevo School of Science and Techology |
| технологија (Босна и Херцеговина) | (Bosnia and Herzegovina) |
| Проф. Елена Максимова, | Prof. Elena Maksimova, |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Р. Македонија) | University Goce Delcev – Stip (R. Macedonia) |
| Проф. Кјара Нери, | Prof. Kiara Neri, |
| Универзитет „Жан Мулен Лион 3“ (Франција) | Universitè Jean Moulin Lyon 3 (France) |
| Проф. Јадранка Денкова, | Prof. Jadranka Denkova, |
| Униveritet „Гоце Делчев“ – Штип (Р. Македонија) | University Goce Delcev – Stip (R. Macedonia) |
| Проф. Аленка Верболе, | Prof. Alenka Verbole, |
| Меѓународен Универзитет Шилер | Schiller International University |
| (Соединети Американски држави) | (United States of America) |
| Проф. Габриела Белова – Ганева, | Prof. Gabriela Belova – Ganeva, |
| Југозападен Универзитет „Неофит Рилски“ (Бугарија) | South-West University ‘Neofit Rilski’ (Bulgaria) |
| **Редакциски одбор** | **Editorial staff** |
| Проф. д-р Јован Ананиев | Prof. Jovan Ananiev, Ph. D |
| Проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D. |
| Проф. д-р Борка Тушевска Гавриловиќ | Prof. Borka Tuševska Gavrilovikj, Ph. D |
| **Главен уредник** | **Managing editor** |
| Проф. д-р Олга Кошевалиска | Assoc. prof. Olga Koshevaliska, Ph.D |
| **Одговорен уредник** | **Editor in chief** |
| Проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Весна Ристова | Vesna Ristova |
| (македонски јазик) | (Macedonian) |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Благој Михов | Blagoj Mihov |

| | |
|---|---|
| **Редакција и администрација** | **Address of the editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев“-Штип | Goce Delcev University – Stip |
| Правен факултет | Faculty of Law |
| ул. „Крсте Мисирков“ 10-А | Krste Misirkov 10-A., |
| п. фах 201, 2000 Штип | PO box 201, 2000 Štip, |
| Р. Македонија | R. of Macedonia |

# С О Д Р Ж И Н А

**АМБАРКОВ НИКОЛА**
АВТОНОМНОСТА НА ЦЕНТРАЛНАТА БАНКА ВО ЛИПХАРТОВИОТ МОДЕЛ НА КОНСЕНЗУАЛНА ДЕМОКРАТИЈА – ЕДЕН КОМПАРАТИВЕН ОСВРТ НА МАКЕДОНСКОТО СО БОСАНСКОТО ИСКУСТВОТО ........ 5

**АПАСИЕВ ДИМИТАР**
ДОМАШНИТЕ СЕМЕЈНИ СУДЕЊА ВО СТАРОТО РИМСКО ПРАВО ........ 15

**АТАНАСОВСКА – ЦВЕТКОВИЌ АНЕТА и ЈОВАНОВИЌ АЛЕКСАНДРА**
НАСЛЕДУВАЊЕТО И НАСЛЕДУВАЊЕТО НА ВИНОТО ВО РИМСКОТО ПРАВО........ 25

**ВИТЛАРОВ ТОДОР**
ПОЛИГРАФСКО ИСПИТУВАЊЕ........ 33

**ЃОРЃИЕВА ДИЈАНА И СТОИЛЕВА ЗОРИЦА**
ТЕОРИЈА ЗА ПРАВНАТА ПРИРОДА НА ПРАВОТО НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА ВО ГРАЃАНСКАТА ПОСТАПКА КАКО ПОТЕСТАТИВНО ПРАВО........ 39

**МАТЕСКИ Александар и ЃОРЃИОСКА ЕМИЛИЈА**
НЕЧЕСНАТА ТРГОВСКА ПРАКТИКА ВО СИНЏИРИТЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ХРАНА ........ 45

**РАШКОВСКА ВЕРОНИКА и РАШКОВСКИ ДРАГИ**
ПОТВРДУВАЊЕ НА ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА ДИГИТАЛНИТЕ ДОКАЗИ ........ 55

**АПАСИЕВ Димитар**[1]

**УДК:340.141(37)**
**343.8:316.812.35(37)**
**343.8:392.31(37)**

# ДОМАШНИТЕ СЕМЕЈНИ СУДЕЊА ВО СТАРОТО РИМСКО ПРАВО

**Апстракт: Т**рудов што е пред вас се занимава со проблематиката на т.н. семејно правосудство во Рим, како архаичен облик на приватно судење, кои природно се јавил на самите почетоци на римското процесно право. Поподробно се обработени „агнатските судови“, односно т.н. домашно / куќно судство; како и „когнатските судови“, односно т.н. фамилијарно / роднинско судство. Посебно е ставен акцент на судењето на жената и на судењето на децата, кои биле под власта на pater familias, а дадени се и одломки од старите автори кои се однесуваат на процесуирањето и на казнувањето на т.н. фамилијарни злодела, од кои како најекстремен случај се сметало таткоубиството (лат. *parricidium*).

**Клучни зборови**: *агнатски судови; когнатски судови; соседски суд; право на изложување; фамилијарни злодела; таткоубиство.*

**APASIEV Dimitar**[2]

## DOMESTIC FAMILY TRIALS IN ANCIENT ROMAN LAW

**Abstract:** This paper deals with the problem of the so-called ‘family justice’ in Rome, as an archaic form of private trial, which naturally arose at the very beginnings of Roman procedural law. We elaborate the “agnatic courts”, or, the so-called *domestic / house judiciary*; as well as the “cognatic courts”, or, the so-called *family / kinship judiciary*. Special emphasis is placed on the trial of the woman and the trial of the children, who were under the authority of the *pater familias*. Also some excerpts from old authors are provided, which refer to the prosecution and punishment of the so-called ‘family crimes’, of which parricide (lat. *parricidium*) was considered the most extreme case.

**Key-words**: *agnatic courts; cognatic courts; neighbor court; ius vitae ac necis (lat.); family crimes; parricide.*

## I. Вовед

Првиот период од развојот на римскиот правен поредок на *Ius* е оној кога правото сè уште било непишано, односно, претставува само вербален израз на внатрешното чувство за правда на примитивниот човек. Овој традиционален усмен период трае од средината на VIII до средината на V век пр. н. е., односно уште од пред основањето на Градот, па сè до појавата на легендарниот прв пишан Закон на 12 таблици. За прастариот римски поредок на обичајното, преддржавно и ранодржавно **непишано право** (лат. *ius non scriptum*) во Јустинијановите Институции (*Institutiones* / 533 год. н. е.) се вели дека тоа „доаѓа од она што ќе го потврди праксата, бидејќи долготрајните *обичаи* (*mos* / *mores maiores*), потврдени со согласноста на оние кои ги применуваат, важат исто како да се закони“.[3]

За жал, сите настани од државно-правната историја на Рим не се еднакво образложени и осветлени, а причина за тоа е нееднаквата застапеност на бројот и квалитетот на изворите. Па така, за најстариот архаичен период од Рим се пронајдени ретки археолошки артефакти и ракописи, чија веродостојност е спорна; а како **традиционални извори** се вбројуваат легендите и народните преданија зачувани во делата на подоцнежните историчари. Како редок правен извор за овој, скоро два и полвековен, почетен монархистички период е зачувана само збирката архаични правни правила наречена *Кралски закони* (*Leges regiae* или *Leges curiatae* / ок. 500 год. пр. н. е.)

1) Вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, email: dimitar.apasiev@ugd.edu.mk.

2) Associate professor at the Faculty of Law, State University Goce Delcev – Stip, email: dimitar.apasiev@ugd.edu.mk.

3) Iustiniani, *Institutiones*, 1, 2, 3 [9]: Constat autem ius nostrum ex scripto aut ex non scripto... Ex non scripto ius quod usus comprobavit. nam diuturni mores consensu utentium comprobati legem imitantur. Понатаму, во Дигестите, се вели: „Но, и оние [права] кои со долготрајна пракса се потврдени и низ многу години почитувани, како прекутна согласност на народот, [несомнено е дека] треба да се почитуваат, [исто] како и пишаните права“ (D. 1, 3, 35 – *Hermogenianus libro primo iuris epitomarum*: Sed et ea quae longa consuetudine comprobata sunt ac per annos plurimos observata, velut tacita civium conventio non minus quam ea quae scripta sunt iura servantur). Види уште и: D. 1, 3, 32 pr. и D. 1, 3, 38.

која нам ни е драгоцен извор на сознанија за најстарите облици на архаичното правораздавање. Римскиот правник Помпониј (Pomponius Sextus / II век),[4] во поглед на доносителот на овие закони – кои до нас стигнале само во фрагменти, преку делата на одредени антички автори – дообјаснува дека тие, всушност, биле само предложени од кралевите, а фактички биле донесени од страна на еден од првите видови народни собранија наречени Куријатски комиции (*Comitia curiata*).[5] Од достапните одредби на оваа „Папиријанова книга“ (*Ius Papirianum*)[6] дознаваме дека во периодот на Кралството (*regnum*), како прв и почетен период од создавањето на римската држава, постоеле два главни вида правосудни органи: приватни [семејни] и јавни [државни] судови кои, врз основа на расположливите извори, ќе бидат обработени во продолжение, особено задржувајќи се на т.н. *семејно правосудство* во периодот на Старото [архаично] римско право.

* * *

Уште на самиот почеток треба да потенцираме дека во најраниот римски период, наспроти организираната општествена заедница (*civitas*) – не стои поединецот (*individua*), туку семејството (*familia*)! Со други зборови, човекот тогаш бил „изгубен“ во рамките на големото семејство па затоа, во тој почетен период на развој, доминантна е улогата на **приватните судови**. Овие судови, всушност, се оние кои функционирале во рамките на едно домаќинство и кои првенствено биле одговорни и природно надлежни за пресудување во приватните, меѓуроднински или т.н. *фамилијарни спорови*. Овие спорови, пак, првенствено се поврзани со поинтимните внатрешни семејни прашања – како оние за потеклото и сродството, за бракот и родителството т.е. посвојувањето, за туторството и старателството, за поделбата на имотот и сл. – а дури потоа се занимаваа со надворешните, т.е. „екстерни прашања“ – на пример, во случај кога член на нивната семејна заедница ќе причинел штета на некое друго семејство. Затоа, овие први семејно-роднински и легитимни правосудни органи, само условно – според видот на сродството и за потребите на нашето специфично истражување – би можеле да ги класифицираме на т.н. *агнатски* и *когнатски судови*.[7]

**II. Агнатски судови** – Домашно [куќно] судство

Од текстовите на старите автори кои ни се достапни, не е јасно дали во рамките на **конзорциумот** (*anticum consortium* или *societas fratrum*), односно, семејната задруга на агнатските сродници, создадена непосредно по распаѓањето на родот (*gens*), постоеле и домашни [куќни] судови, кои дејствувале во рамките на поширокото домаќинство. Ова поради фактот што во најстарите големи семејства, крвните врски, сами по себе, немале правно значење доколку роднината не живеел „под ист покрив“, односно, во една иста семејна заедница со блиските – која, во тој период, беше заедница на производители (*familia rustica*). Се знае дека на чело на задругата се наоѓал *старешината*, а машките лица од најстарата генерација, со еднакви права и заедно со него, учествувале во решавањето на општите и заеднички работи.

Подоцна, кога римските конзорциуми (*consortium*), под влијание на развитокот на производствените сили, почнуваат да се распаѓаат и делат на неколку помали домови или домаќинства (*domus*) кои, всушност, беа **патријархални агнатски семејства** (*familia pecuniaque*), почнуваат да функционираат како самоодржувачки затворени стопански целини чија цел била, преку „заедничкото живеење и работење“, да обезбедат нужни средства за сопствен опстанок и егзистенција. Главниот *шеф на домаќинството* (*pater familias*), кој уште се нарекуваше и глава на фамилијата или старешина на патријархалното семејство, всушност, е единственото „лице со <u>своe право“ (*sui*</u> *iuris*), т.е. она лице во чии раце е сконцентрирана сета власт во семејството. Оваа

4) Помпониј Секст е угледен правник кој дејствувал за време на владеењето на императорите Адријан и Антониј Пиј. Покрај големиот број дела, коментари и монографии од областа на цивилното и преторското право, особено е познат по објавувањето на *Кратката историја на римското право и на правната наука* (*Liber singularis enchiridii* или скратено *Enchiridion*), од која една опширна одломка, т.е. titulus, е внесена и во Јустинијановите Дигести.

5) Куријатските комиции (*Comitia curiata*) биле една од најстарите установи на родовско-племенското општествено уредување во Рим и прв вид на римско народно собрание во периодот на т.н. воена демократија. Овој вид собранија, како државен орган на јавната власт, ги свикувал кралот (*rex*) и решавале за важни прашања во римското општество во целина, како и за правата на одредени римски граѓани – во улога на т.н. зборни судови.

6) За оваа прва кодификација на најстарите римски закони од монархистичкиот период види ја и мојата монографија *Римско право – Практикум: Кодификациите на римското право*, универзитетско учебно помагало објавено на Е-Библиотеката и Е-Репозиториумот на Државниот универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2015, 21–46 (достапна за бесплатно електронско преземање на следниов линк: www.e-lib.ugd.edu.mk).

7) Во римското семејно право, *агнатско* се нарекувало она сродство кое се заснова врз заеднички живот и работа под власта на еден pater familias; а *когнатско* – крвното сродство, врз основа на потеклото од заеднички предок / предци.

негова неограничена власт е позната како „потестас“ (*potestas*) или „доминиум“ (*dominium*) – што значело целосна, апсолутна и доживотна власт врз својата жена, како и врз жените на неговите оженети синови (*manus*); потоа врз своите родени или посвоени деца и врз нивните потомци, односно, врз своите внуци и правнуци – како „лица под туѓа власт“, т.е. лица alieni iuris (*patria potestas*);[8] па врз робовите и добитокот (*dominica potestas*); како и врз сиот имот составен од: земјишта, згради, куќи, дворови, вили, амбари, трла и други недвижности или, пак, подвижни ствари, какви што беа средствата за производство и производите на трудот од неговите потчинети (*dominium* или *proprietas*).[9]

Во врска со можното постоење на т.н. **домашен суд**, интересен е еден фрагмент даден од Сервиј (Maurus Servius Honoratus / IV–V век), во своите познати *Коментари на Вергилиј*, кога споменувајќи го римскиот крал Нума Помпилиј (вл. VII век пр. н .е.),[10] вели дека ако во негово време некој убиел некого од небрежност, тогаш „за главата на убиениот, неговите агнати (*agnates*) требало да му понудат овен на Собранието“![11] Од формулацијава не е докрај јасно дали пред да одат на народниот собраниски суд, односно, пред да се појават пред Куријатските комиции (Comitia curiata), како тогашни зборни органи на власта, агнатите – кои живееја заедно со убиецот – спроведуваа одредена т.н. *интерна [домесиона] казнена постапка* кон него, како ненамерен сторител на така тешко кривично дело кое, во конкретниот случај, требало и морало да биде „откупено“ токму од страна на неговите роднини-агнати.[12]

Историчарот Дионисиј Халикарниски (I век),[13] говорејќи за правото на обајцата родители да не го прифатат новороденчето, ни дава и еден интересен пример на, условно речено, **соседски суд** – имено, родителите и блиските роднини на бебето биле должни, пред да го *отфрлат* тукушто роденото детенце кое имало вродени малформации, да им го покажат на комшиите „кои ќе посведочат за вистинитоста на таквата ситуација“ [cf. Dion., *Antiquitates*, II, 15, 2]:[14]

*[Уште првиот римски рекс] Ромул им наметна обврска на граѓаните [овие] да [мораат] ги прифатат сите машки деца и [само] прворocceната ќерка, но не и недоносеното дете [т.е. зачетокот], ниту детето кое е сакато, ниту [она кое е] монструм! За овие [дефектни деца] на родителите не им е забрането да ги изложат [т.е. да не ги прифатат на одгледување, односно, едноставно да ги отфрлат и остават да умрат], но само ако претходно – веднаш по раѓањето – им ги покажат на [петмина од] своите [најблиски] соседи, за овие да [можат да] посведочат [за тоа]... Против оние, кои не се покоруваа на овие закони, одреди и казни, а меѓу останатите беше и таа да им се заплени [една] половина од имотот.*[15]

Во поглед на мошне контроверзното **право на изложување**, т.е. отфрлање или неприфаќање на новороденчето, споменато овде, треба да напоменеме дека во најстаро време, *прифаќањето на новороденчето* (*tollere liberum*), како рамноправен член на семејната заедница, кое се изведувало од страна на pater familias-от, бил еден од двата конститутивни услова за засновање на patria potestas врз него. Вториот неопходен услов бил детенцето да е родено од жена која била во правовалиден римски брак (*matrimonium iustum*) со pater familias-от или со некој машки член на неговиот domus. Всушност, веднаш по породувањето на мажената жена, шефот на семејството

8) *Pater familias* беше „оној кој во домот господареше“ (qui in domo dominium habet); а *patria potestas* беше „сета власт врз стварите и лицата“ (et in res, et in personas) – cf. D. 50, 16, 195, 1. Колку за појаснување, во правната романистика е стандардизиран вообичаениот, општоприфатен начин на цитирање на Јустинијановите Дигести – постапка која стручно се нарекува *инскрипција*. Така, на пример, предмалку употребената кратенка D. 50, 16, 195, 1 означува: Digesta, книга 50, титулус 16, фрагмент 195, параграф 1 [често означен и со симболот §].

9) Види и кај Иво Пухан, Мирјана Поленак – Аќимовска, Владо Бучковски и Гоце Наумовски, *Римско право*, УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2014, 128–133.

10) Numa Pompilius (вл. ок. 715–673 год. пр. н. е.) е вториот од вкупно седумте римски кралеви од т.н. Етрурска династија, кој дошол на престолот веднаш по легендарниот основач на градот, Ромул.

11) Cf. Serv., *Verg. georg*., III, 387: Во Нумиевите закони е пропишано дека за оној кој од немарност убие некого требало, за главата на убиениот, неговите агнати на Собранието да му понудат овен (In Numae legibus cautum est, ut si [quis] imprudens occidisset hominem, pro capite occisi agnatis eius in contione offerret arietem).

12) Servius, *Vergilii ecl*., IV, 43.

13) Дионисиј (Dionisius) кој творел во Августовско време, потекнувал од малоазискиот град Халикарнас, по што го добил и презимето. Автор е на познатото дело насловено како *Antiquitates Romanarum* (7 год. пр. н. е.) кое се преведува како *Римски старини* или како *Римска археологија*, а е поделено на XX книги, од кои во целост се зачувани само првите девет.

14) Дури и подоцна, во Законот на 12 таблици, се вели дека „деформираното дете треба веднаш да се убие“ (*Lex XII tab.*, 4, 1: Cito necatus tanquam ex XII tabulis insignis ad deformitatem puer).

15) Cf. Cicero, *De legibus*, III, 8, 19 – *XII tab*., 4, 1: Necessitatem imposuit Romulus civibus, omnem virilem prolem educare et filias primogenitas, necare vero nullum fetum triennio minorem, nisi natum mutilum aut monstrum statim post partum, quos a parentibus exponi non prohibuit, dummodo eos prius ostenderent quinque vicinis proximis [iique id comprobassent; in eos uero, qui legibus istis non obtemperarent, poenas statuit cum alias tum etiam hanc, bona eorum pro parte dimidia publicari].

го земал бебето в раце и церемонијално го кревал од земјата, т.е. неколкупати го подигал во воздух – на тој начин, симболично прифаќајќи го и признавајќи го за свој легален потомок. Но, во понатамошниот развој на римското семејно право овој чин го изгубил своето правно значење и неговото свесно или несвесно пропуштање не предизвикувало никакви правни последици.[16]

Единствен извор за тоа што за ова право беше предвидено во древниот Закон на 12 таблици, ни е една одломка од познатото Цицероново дело *За законите* (*De legibus* / издадено меѓу 51 и 46 год. пр. н. е.): тој тука, говорејќи во контекст на нововостановената трибунска власт, попатно го споменува и ова татковско право кое, дури и во тоа ранорепубликанско време, било ограничено само на „**монструозните деца**" кои би биле родени со некакви малформации или вродени деформитети [cf. Montesquieu, *De l'ésprit...*, IV, 23, 22].[17] Во класичниот период, *правото на излагање* на децата се задржува само во некои исклучителни случаи, кога детето ќе било родено со изразити психо-физички дефекти, мани, недостатоци или деформации кои требало да бидат од таков вид што тоа би било „неспособно за живеење" (*monstra, portenta, ostenta* или *prodigia*). Под овие различни називи се подразбирал некој вид „хуманоидно суштество" кое нема вистински и правилен човечки облик (*contra formam humani generis*), туку било само живородено и не се знаело дали ќе преживее и до кога ќе живее.[18] Во Јустинијановите Дигести за ова право воопшто нема посебен титулус, а соодветните наслови во Јустинијановиот Кодекс и во Новелите, кои датираат од VI век, не ни кажуваат ништо поконкретно.[19]

**III. Когнатски судови** – Фамилијарно [роднинско] судство

Агнатското сродство, како основен вид роднинска врска, постоело во Рим сè додека римското семејство претставувало главно заедница на производители (*familia rustica*). Кога тоа почнало да се претвора во *заедница на потрошувачи* (*familia urbana*), паралелно со еволуцијата на семејството доаѓа и до еволуција во сфаќањето за суштината на сродничките врски. Па така, постепено надвладува сфаќањето дека како сродници, без оглед на прашањето за заеднички живот, треба еднакво да се сметаат и лицата кои меѓусебно се поврзани со крвни врски. Целосното преовладување на овој став ќе дојде многу подоцна, дури во времето на Јустинијан (VI век), кога системот на агнатското сродство конечно е потиснат од системот на крвно или когнатско сродство**.** Крвните сродници (*cognates*), кои живееле во т.н. **когнатско семејство**, се лица што непосредно или посредно потекнувале барем од еден заеднички предок – било да е тоа по таткова или, пак, по мајчина лоза; и било да се тоа сродници по права (*linea recta*) или по странична линија (*linea collateralis*). Овој тип римско семејство настанува постепено, со воведувањето на латифундиското стопанисување, и се шири паралелно со економското и личното подобрување на положбата на дотогаш зависните лица alieni juris (*peculium*, *bona adventicia* и сл.), потоа со надвладувањето на бракот без manus, како и со новиот интестатски, т.е. законски наследен ред. *Потесното когнатско семејство* е заедница на блиски крвни сродници што истовремено живееле во заедничко домаќинство и во него, по правило, влегуваа pater familias-от со жената, децата т.е. посвоениците и нивните потомци; додека, пак, *поширокото когнатско семејство*, всушност, не е некој посебен вид заедница, туку само збир на подалечни роднини кои потекнувале од крвта на некој заеднички предок – а меѓу кои, токму поради овој факт, хипотетички и условно можеа да настанат и некои заемни права и обврски, првенствено поврзани со прашањата за издршката и наследувањето.[20]

1. Судење на жената

Во поглед на статусот и ***положбата на жената*** во римското лично право (*Ius quod ad personas perinet*) – како дел од Ius privatum – установите на семејното, поточно брачното право

16) Види и кај Adolf Berger, *Encyclopaedic Dictionary of Roman Law*, The American Philosophical Society, Philadelphia, 1953, 738.

17) Cicero, *De leg.*, III, 19 – cf. Monteskje, *O duhu zakona - Tom II*, ZID „Filip Višnjič", Beograd, 1989, 126.

18) Но, и покрај тоа што тие не се сметаа за луѓе, сепак се броеја при остварувањето на *ius liberorum* на мајката, која што се ослободувала од власта на туторот ако во текот на животот родела најмалку три брачни деца (односно, четири, доколку таа била ослободеничка, т.е. поранешна робинка, а не полноправна римска граѓанка).

19) Види, на пример, D. 25, 3 – *De agnoscendis et alendis liberis vel parentibus vel patronis vel libertis* (D. 25, 3, 1, 16 - *Ulpianus 34 ad ed.*: Plane si denuntiante muliere negaverit ex se esse praegnatem, tametsi custodes non miserit, non evitabit, quo minus quaeratur, an ex eo mulier praegnas sit. quae causa si fuerit acta apud iudicem et pronuntiaverit, cum de hoc agetur quod ex eo praegnas fuerit nec ne, in ea causa esse, ut agnosci debeat: sive filius non fuit sive fuit, esse suum).

20) Пухан и др., op. cit., 130–133. Види и: D. 50, 16 – *De verborum signifycatione* (D. 50, 16, 195, 2 sq. - *Ulpianus 46 ad ed.*: ...Iure proprio familiam dicimus plures personas, quae sunt sub unius potestate aut natura aut iure subiectae, ut puta patrem familias, matrem familias, filium familias, filiam familias quique deinceps vicem eorum sequuntur, ut puta nepotes et neptes et deinceps...; & D. 50, 16, 195, 4 - *Ulpianus 46 ad ed.*: Item appellatur familia plurium personarum, quae ab eiusdem ultimi genitoris sanguine proficiscuntur [sicuti dicimus familiam iuliam], quasi a fonte quodam memoriae).

препознавале два основни вида правовалидни римски бракови (*matrimonium iustum*), чии внатрешни односи меѓу брачните другари битно и драстично се разликувале:

а) Во случаите на т.н. **бракови со манус** (*matrimonium cum manu*), типични за старото време, положбата на жената е значително полоша, бидејќи таа имала третман на лице alieni iuris и единствено законски признато право ѝ било правото на наследување. Имено, со чинот на conventio in manum врз неа се засновала двојна власт: онаа на таткото, т.е. свекорот–старател (*potestas*) и онаа на сопругот, т.е. мажот–хранител (*manus*).[21] Во овој брак жената станува нов, доведен член во семејството на мажот и потпаѓа под непосредна зависност на тамошниот шеф на familia-та. Со самото тоа, се прекинуваат врските на жената со нејзиниот поранешен domus, бидејќи таа станува агнат со агнатите на мажот, а повеќе не била агнат во семејството на татка си – иако когнатските врски си останувале да постојат. Во новото семејство, жената е filiae loco и сиот имот на таквата жена, кој таа ќе го донесела како мираз (*dos*) или ќе го стекнела подоцна, преоѓал врз свекорот како „нов татко“, т.е. врз pater familias-от на мажот, доколку самиот сопруг не бил лице sui iuris. Доколку, пак, и мажот сѐ уште бил лице alieni iuris, нивните лични односи беа регулирани со обичајното право и на фактички начин. Така, на пример, жена која не е под манусот на мажот била ставана под т.н. трајно старателство – поточно, законско туторство (*tutela legitima*) кое најчесто му било доверувано на нејзиниот најблиски машки сродник.[22]

б) Во римските **бракови без манус** (*matrimonium sine manu*), типични за класичниот и посткласичниот развиток на римското право, положбата на жената е значително подобра, бидејќи таа има третман на лице sui iuris – што, пак, е резултат на општествено-економското, а донекаде, и правно осамостојување на жената. Во овие бракови, жената не станувала агнат со агнатите на мажот, туку останувале врските со нејзиното поранешно семејство, и таа ги задржувала својата независност и својата правна и деловна способност (*capacitas*). Но, и во овој вид „слободен брак“, кој во тоа време е третиран за современ и помодерен од заостанатата форма на брак со манус, мажот и жената биле должни меѓусебно да се почитуваат и помагаат, како и да се воздржуваат од секаков акт со кој би била доведена во прашање нивната брачна заедница. Поради тоа, тие не смееле меѓусебно да се тужат, а не морале ни да сведочат еден против друг! Жената ги добивала општествената положба и домицилот на својот законски сопруг, како и правото да бара издршка од него; мажот, пак, можел да бара жената да живее во неговото домаќинство, а имал и ограничено право да управува со нејзините миразни добра.[23]

Античкиот хроничар Плутарх (II век),[24] во неговото капитално дело *Споредбени животописи*, ни открива дека легендарниот римски основач и прв монарх, Ромул (Romulus / вл. ок. 753–715 год. пр. н. е), уште на почетокот предвидел дека **мажот** може да ја остави жената во случаите на *неморал*, како што се: недомаќинлак, разголување, флертување со други мажи, чедоморство и сл. Од друга страна, пак, како своевидна противтежа на ваквата доминантна позиција и мажествена брачна власт, сопругот требало да биде „жртвуван на подземните богови“ (*sacrificium*) ако својата законска сопруга ја принудува и *подведува* на проституција (*lenocinium*) [cf. Plutarchus, *Vitae paralelae – Romulus*, XXII]:

*[Првиот крал Ромул] востанови неколку закони, меѓу кои особено строг беше оној кој не ѝ допушташе на жената да го напушти мажот, а на мажот му допушташе да ја истера жената – поради труење или пометнување на породот, или поради правење лажни клучеви, или поради прељуба.*

21) Доколку таа не била потчинета под едната од овие „власти“, тогаш најверојатно била под другата – па оттука, нормално е што римските госпоѓи тешко го поднесувале ваквиот деградирачки третман. А положбата на жената е илустрирана и преку неколку груби изреки: Nisi convenissent in manum viri или Ne sis mihi patruus oro. Види и кај Monteskje, op. cit. (Tom I), 121.

22) *Lex Iulia de maritandis ordinibus* (18 год. пр. н. е.) и *Lex Papia Poppaea* (9 год. н. е.), донесен, исто така, за време на Август, беа најпознати при регулирањето на замрсените прашања кои произлегуваа од брачните односи. Вториов закон наложувал дека оние жени кои ќе родат три или повеќе деца, ќе бидат ослободени од старателството (*ius liberorum*); додека, пак, уште од порано постоел римски обичај дека доколку жената, во првата година од бракот склучен во форма на usus, преноќи три ноќи надвор од куќата на мажот (*usurpatio trinoctii*) – тогаш, таа не влегува под манусот на мажот, т.е. свекорот.

23) Повеќе кај Пухан и др., op. cit., 139–140.

24) Плутарх (Πλούταρχος или Lucius Mestrius Plutarchus / ок. 46–120/126), е познат хроничар од периодот на Империјата, по потекло од бојотскиот град Херонеја во Средна Грција. Се образовал во Атина, а неколкупати престојувал во Рим, каде што имал пријатели меѓу тамошните високи слоеви, па дури се здобил и со титулата конзулар. Автор е на многу дела, меѓу кои за нашето истражување најзначајно е *Споредбени животописи* или *Паралелни биографии* (*Βίοι Παράλληλοι* или *Vitae paralelae*). Ова интересно дело содржи 23 биографски „парови“, по еден од хеленистичкиот и по еден од римскиот свет, како и четири единечни биографии, а токму од него црпат податоци и многу подоцнежни европски автори. За потребите на овој труд, посебните биографии опфатени во ова најзначајно Плутархово дело ќе бидат цитирани како посебни референтни книги.

*Ако некој, поради други причини, ја отпуштил од себе жената [и ја избркал од домот] – дел од својот имот ѝ го давал нејзе, а дел посветувал на божицата [на плодноста] Церера. Оној, пак, кој ја [подведува и ја] продава жената [како курва] – да се жртвува на подземните богови!*[25]

На оваа тема, постојат записи и од споменатиот хеленски историчар Дионисиј Халикарниски, поврзани токму со владеењето на кралот-основач Ромул – кој наводно, уште во VIII век пр. н. е., предвидел дека следува најтешката смртна казна за жената која ќе се предаде на *пијанство* или на блуд! Меѓутоа, оваа строга казна требало заедно да ја донесат нејзиниот маж и нејзините **когнати** (*cognates*) – односно, првенствено крвните роднини на жената, а не само оние на мажот [cf. Dion., *Antiquitates*, II, 25, 6].[26] Монтескје, говорејќи за куќниот суд кај Римјаните, не заборава да потенцира оти има основа да се верува дека, во обичните случаи, мажот бил тој кој сам ѝ пресудувал и ја казнувал жената; додека, пак, во случај на поголеми и потешки прекршувања на моралот, тој ѝ судел заедно со пет нејзини блиски роднини. Затоа и класичниот римски правник Улпијан (III век),[27] говорејќи за судењата на *неморалните злодела*, разликува „тешки дела" (*mores graviores*) и „лесни прекршоци" (*mores leviores*):[28]

*Мажот ги свикуваше роднините на жената и пред нив судеше. Овој суд го одржуваше моралот [и] во Републиката. Тој требаше да суди не само во случаите на кршење на законот, туку и во случаите на повреда на моралот. А да се суди за [интимни прашања и за] повреда на моралот, мора да се биде морален! Казните кои овој суд ги досудуваше мораа да бидат, а впрочем и беа, произволни: тешко дека сето она што се однесува на моралот и на правилата за скромност може да биде опфатено во еден законски кодекс. Оти на законите им е полесно да го уредат она што ти им го должиш на другите, ама им е тешко да го опфатат сето она што човек си го должи на самиот себе.*[29]

2. Судење на децата

Во дамнешните времиња, кога раскошот не бил познат меѓу Римјаните, сите деца останувале во татковата куќа и во неа живееле со своите семејства. На децата од двајца браќа, односно, на првите братучеди, се гледало како на родени браќа / сестри и бракот меѓу нив бил забранет, односно, половото општење меѓу овие блиски роднини до четврти степен на сродство во странична линија се сметало за родоскврнавење (*incestum*). Дионисиј Халикарниски ни говори за неприкосновеното татковско право (*patria potestas*), озаконето уште од страна на легендарниот Ромул, кое подоцна нужно ќе биде ограничено. Како што видовме, во почетокот, **таткото на фамилијата** (*pater familias*) имал апсолутно право врз животот на своите деца! Оттука, јасно е дека доминира неговата неограничена улога на главен судија при креирањето на судбината на децата под негова власт – без оглед на нивната возраст или пол, како и без оглед на тоа дали тие се негови родени или, пак, подоцна се посвоени во рамките на семејството [cf. Dion., *Antiquitates*, II, 26, 4; II, 27, 1–3]:

*[Ромул] на таткото му предаде целосна власт врз синот [и врз ќерката], и тоа, доживотно! Му беше дозволено да го фрли синот во темница, да го [истепа и] исшиба, врзан да го принуди*

25) Constituit quoque leges quasdam, quarum illa dura est, quae uxori non permittit divertere a marito, at marito parmittit uxorem repudiare propter veneficium vel supposittionem partus vel falsastionem clavium vel adulterim commissium; si vero aliter quis a se dimitteret uxorem, bonorum eius partem uxoris fieri, partem cereri sacrum esse iussit; qui autem venderet uxorem diis inferis immolari. *Заб.: текстот што го презентира проф. Маленица – кај причините за истерување на жената – е нешто поразличен од дадениов, како во оригиналниот латински, така и во преводот: „...Поради труење на децата, подигнување на тогата [флертување] или извршено неверство" (...propter veneficium circa prolem vel subiectionem clavium vel adulterium commissum)! Некои антички автори, пак, кај причините за истерување на жената, ги додаваат и следниве: „Ако жената пиела вино [и се пијанчела], ако се открила под тогата [т.е. непристојно се разголила пред гостите], ако без дозвола на мажот отишла на некоја свеченост [и лудувала]". Цит. сп. Mila Jovanović, *Komentar starog rimskog Ius civile* (*Knjiga prva: Leges Regiae*), Centar za publikacije Pravnog fakulteta u Nišu, Niš, 2002, 60.

26) Cf. Fest., L., 197, *Osculana pugna*; Plin., *N.H.*, XIV, 13; & Gell., X, 23, 4: „За ова, крвните сродници суделе заедно со мажот – ако жената изврши наверство [прељуба / блуд] или ако е докажано дека таа пиела вино [и се опила]; Ромул, за обата случаја, смртна казна допуштил" (De his cognoscebant cognati cum marito: de adulteriis, et si qua vinum bibisse arqueretur; hoc utrumque [enim] morte punire Romulus concessit).

27) Домициј Улпијан (Domitius Ulpianus / ок. 170–223) е еден од најугледните правници од т.н. Класичен период на римското право. Роден е во феникискиот град Тир, но мошне млад дошол во Рим каде и се школувал. За време на императорите Септимиј Север и Антониј Каракала тој бил Папинијанов помошник (*assessor*). Во 222-та Александар Север, откако претходно го помилувал, го поставил за praefectus praetorio. На оваа должност и починал, шест години подоцна, кога го убиле неговите потчинети војници – преторијанци. Бил прилично плоден правен писател и неговиот опус опфаќа околу 280 книги кои, мошне често, се користат во Јустинијановата кодификација, каде речиси 1/3 од текстот на Дигестите се состои токму од негови извадоци.

28) Ulp. VI, §9, 12-13 – cf. Mont., *De l'éspirit*, I, 7, 10.

29) Monteskje, op. cit. (Tom I), 119–120.

*на земјоделски работи или [дури и] да го убие... Така, на таткото му беше допуштено и да го продаде синот – па овој да стекнува за таткото. [...] Исто така, на таткото му беше допуштено да стекнува [имот] преку синот, сè до третата продажба;*[30] *по неа, пак, овој се ослободуваше од таткото.*[31]

Францускиот рационалист Шарл Луј Монтескје (XVIII век),[32] во неговото капитално дело *Духот на законите* (фр. *De l'éspirit des lois* / 1748) – кога говори за погоре опишаното татковско „**право на изложување**" на новородените деца – се повикува на втората книга од Дионисиевиот спис *Римски старини* и вели дека Ромул подоцна не дозволувал да биде убиено ниедно детенце помладо од три години, помирувајќи го на тој начин законот кој на татковците им даваше дискреционо *право врз животот и смртта* (лат. *ius vitae necisque* или *ius vitae ac necis*) на новороденчињата, од една страна, и законот којшто го забрануваше нивното изложување, а особено она на здравите машки деца и на прворódената ќерка (*filia primogena*), од друга страна.[33]

Имено, не е тешко да се заклучи дека и самите Кралски закони, како и подоцнежните римски обичаи, го ублажуваа и го ограничуваа ова некогаш неприкосновено субјективно татковско право врз судбината на своето дете, бидејќи не е познат ниту еден подоцнежен пишан закон на Римјаните кој изречно го допушта ова моќно и екстремно право на pater familias-от, тој да може непречено и самостојно да му изрече смртна казна на своето дете. Имено, согласно древните обичајни правила за „домашното судење" (*iudicium domesticum*), пред да изрече потешка казна врз жената, децата или робовите, шефот на семејството требало да се консултира со востановениот внатрешен **Совет на роднините** (*consilium propinquorum*) – како еден вид пошироко фамилијарно собрание, составено главно од постарите членови (*consilium propinquorum necessariorum*) или дури и од блиските и долгогодишни куќни пријатели (*consilium propinquorum et amicorum*) – но, заклучокот, кој ќе произлегол од ова советување немал облигаторно дејство за таткото, и тој можел да не го испочитува. Во периодот на Републиката, за злоупотреба и пречекорување на наведеното татковско право, несовесниот родител бил казнуван со инфамија (*infamia*), преку впишување цензорска забелешка (*nota censoria*); додека, пак, империјалното законодавство сè повеќе и повеќе го ограничува ова строго право, сè до моментот кога тоа целосно ќе биде укинато – во IV век по Христа, за време на царот Валентинијан Први.[34] Имено, уште во периодот на когнатското семејство (*familia urbana*), власта на pater familias-от кон лицата под негова власт веќе не е ниту неограничена, ниту доживотна. Тогаш таа, главно, се сведувала на *правото на кастигација* (*castigatio* или *ad modicam castigationem*), т.е. соодветно, пропорционално и респектабилно физичко казнување, најчесто преку благо тепање со прачка (*fustis*) или пердашење со камшик (*flagellum*) на лицето alieni iuris; како и на правото на шефот на семејството да бара почитување од нив, а кога тоа било нужно, и издршка. А, пак, за возврат, тој бил должен да ги чува, воспитува и издржува децата, како и другите членови на семејството. Значи, кога во Рим веќе не им било дозволувано на татковците да ги усмртуваат своите деца, најчесто магистратите биле тие кои, во име на државата и во консултација со таткото, ја досудувале речиси истата казна која и тој самиот би ја одредил.[35]

30) Тука станува збор за облигациониот институт „реална купопродажба" (лат. *mancipatio*) како староримски начин на здобивање со сопственост, со употреба на строгата церемонијална договорна форма per aes et libram.

31) Cf. Papin., *Coll*., 4, 8; & *XII Tab*., 4, 2: [Romulus] omnem potestatem in filium patri concessit, idque toto vitae tempore, sive eum carcere includere, sive verberare, sive vinctum ad opera rustica detinere, sive occidere vellet... Etiam vendere filium permissit patri; …quin etiam hoc concessit patri, ut usque ad tertiam venditionem per filium adquireret: post tertiam vero venditionem liberabatur filius a patre.

32) Монтескје (Charles-Louis de Montesquieu / 1689–1755) е познат француски правник, политички филозоф, книжевник и социолог и еден од најпознатите претставници на европското просветителство. Важи за одличен познавач на римската историја, а има напишано и посебна книга *Размисли за причините за величината на Римјаните и за нивната пропаст* (фр. *Considérations sur les causes de la grandeur des Romains et de leur décadence* / 1734), која речиси целата е вметната во неговото подоцнежно и најзначајно двотомно дело *Духот на законите* (фр. *De l'esprit des lois* / 1748).

33) Cf. Mont., *De l'éspirit*, IV, 23, 22. Во римското семејно право, *прворódената ќерка* отсекогаш имала привилегиран статус во однос на подоцна родените ќерки, кои во старото право и понатаму можеле да бидат отфрлани. Види и кај Monteskje, op. cit. (Tom II), 126.

34) Berger, op. cit., 408, 521 и 534.

35) Mont., *De l'éspirit,* II, 15, 17 и V, 26, 4. На пример, кај Римјаните, таткото – како старешина на патријархалното семејство – можеше дури да ја присили својата ќерка таа еднострано да го раскине бракот со својот сопруг, иако претходно тој веќе дал дозвола за негово склучување. В. *Codex de Repudiis et Judicio de moribus sublato*, V – cf. Monteskje, op. cit. (Tom I - II), 173 [f. 3] и 279.

Во поглед на т.н. меѓуродниниски или ***фамилијарни злодела***, Фест (Sextus Festus)[36] ни говори за строгата казна која наводно била предвидена уште од Ромулово време, а се однесува на **непочитување на родителите** – своите или на својот сопруг – и се состоела од ритуално жртвување на татковите богови (*sacrificio*), односно, била извршувана преку т.н. „посветување на боговите на претците“ (*sacra privata*, *sacra familiaria*, *sacra gentilicia* или *communio sacrorum*) [cf. Festus, *Plorare*, P 230]:

*Ако синот го удри родителот, така што овој ќе заплаче – детето да биде жртвувано на отечките богови!*

*Ако, пак, снаата оди пред свекрвата – невестата нека биде жртвувана на отечките богови!*[37]

Имено, во најстаро време, во древниот Рим постоеле и човечки жртвувања (*malum sacrificium*), каде, најчесто, како жртва се принесувало, т.е. „понудувало“, лице претходно осудено на смрт (*hominem immolare*).[38]

Исто така, Плутарх додава дека од сите римски кралеви, само основачот Ромул не востановил никаква посебна казна за **таткоубиство** (*parricidium*) – па оттука, кое било убиство тој го нарекувал „таткоубиство“, со цел построго да го казни [cf. Plutarh, *Vitae paralelae - Romulus*, XXII, 4].[39] Во врска со оваа тема, од познатиот антички историчар Тит Ливиј (I век),[40] нам ни е позната грозоморната епизода која се случила во VI век пр. Хр., кога ќерката на претпоследниот римски крал Сервиј Тулиј, по име Тулија, го иницирала и го поддржала убиството на својот татко – иако, според некои писатели, тој сериозно планирал да се повлече „ако фамилијарното злодело не го прекинеше во намерите за ослободување на Татковината“ [cf. Livius, *Ab urbe condita*, I, 48]:

*Кога таа се враќаше дома [од Форумот], штом пристигна до крајот на Киприевата улица, каде до неодамна се наоѓаше светилиштето на [божицата] Дијана, скршна со носилката вдесно, кон Урбијската стрмнина, за да се одвезе до Есквилинското брдо. Тогаш, возачот што ја управуваше кочијата [т.е. двоколката] се преплаши и [од страв] ги испушти уздите, покажувајќи ѝ го на својата господарка распарчениот труп на [татко ѝ] Сервиј што лежеше овде. Уште се раскажува за гнасното и нечовечко злосторство – та во негов спомен и местово го викаат ‘Улица на злосторствата’, каде што Тулија, избезумена од Фуриите*[41] *на сестра си и на првиот маж, со кочијата [безочно] го прегази татковото тело! Та и самата извалкана и испрскана, со кочијата окрвавена од татковото убиство, дел од крвта донесе до своите и до Пенатите*[42] *на нејзиниот маж...*[43]

---

36) Од текстот на Монтескје не е јасно на кој Фест точно се мисли – дали на римскиот граматичар Секст Помпеј Фест (II век), кој творел во Галија, а е автор на етимолошкото дело *Priscorum verborum cum exemplis*; или, пак, на доцноримскиот историчар Секст Руфиј Фест (IV век), кој бил и проконзул на Африка, а е автор на книгата *Кратка римска историја* (*Breviarium rerum gestarum populi Romani)*. Поверојатно е дека станува збор за вториов.

37) Si parentum puer verberit ast olle plorassit paren… puer divis parentum sacer esto. Si nurus sacra divis parentum estod. *Нецелосниот текс на Фест гласи: „Според законите на Ромул и Тациј е вака: ако детето го удри родителот, така што овој ќе заплаче – детето да биде жртвувано на боговите на претците... Ако, пак, снаата оди пред свекрвата – невестата нека биде жртвувана на татковите богови“ (Plorare… significat… apud antiquos plane inclamare. In regis Romuli et Tatii legibus si nurus sacra divis parentum estod in Servi Tulii haec est si parentum puer verberit ast olle plorassit pa-ren… puer divis parentum sacer esto id est clamarit dix). Но, во својата реконструкција, романистот Момзен вели дека одредбата која се однесува на синот треба да му се припише на Ромул и/или на Тациј, а онаа која се однесува на снаата треба да му се припише на подоцнежниот шести крал Сервиј Тулиј. Повеќе кај Jovanović, op. cit., 107.

38) За разлика од сакрифицијата/сакрификацијата (*sacrificium*), која подразбира принесување „крвни жртви“, во римското религизно право се среќава и супликацијата (*supplicationes*), односно, домашното жртвување „бескрвни жртви“. Овие пагански и незнабожечки ритуали подоцна беа забранети од страна на императорот Константин Велики, како тотално нечовечни и нехристијански (C. 1 – *De paganis sacrificiis et templis*; C. 1, 11, 1 - *Imperator Constantius*, a. 354). Така и Bujuklič, op. cit., 472–473 и 505–506. Спротивно: Berger, op. cit., 688 и 726.

39*) Leg. Numae*, 16: „Единствено Ромул, кој не востановил никаква казна за таткоубиството, секое убиство го нарекувал таткоубиство“ (Singulare est, quod [Romulus] cum nullam in parricidas statuerit poenam, omne homicidium appellavit parricidium). Види и кај Festus, *Parrici*: „Ако некој слободен човек намерно биде усмртен, тоа да се смета како таткоубиство“ (Si quid hominem liberum dolo sciens morti duit, paricidias esto!).

40)Тит Ливиј (Titus Livius Patavinus / 59 год. пр. н. е. – 6/17 год. н. е.) потекнувал од градчето Патавиј, денешна Падова во Италија, а бил современик на принцепсот Август. Автор е на капиталното дело *Од основањето на градот* (*Ab urbe condita*), кое се преведува и како *Историја на градот Рим* или само *Римска историја*. За разлика од Дионисиј или од Плутарх, кои пишувале паралелно и компаративно за римската и за хеленската историја, Ливиј нѝ ја дава исклучиво римската хронологија.

41) Фурии се женски демони на подземјето кои се одмаздуваа за тешките злосторства, а ги имало вкупно три и нивниот број, најверојатно, е преземен од старохеленскиот мит за Еринииите.

42) Пенати (*Penates Dii*) се фамилијарни богови т.е. „куќни чувари“ на домашното огниште, кое било и нивен жртвеник и каде што, при секој оброк или позначаен семеен настан, ним им се принесувале жртви.

43) Види и кај Тит Ливиј, *Од основањето на градот Рим*, Матица Македонска, Скопје & Мелбурн, 2000, 106–107.

Впрочем, најстариот термин за убиство се среќава во древните Кралски закони каде, уште од времето на основачот Ромул, како најтежок крвен деликт е санкционирано делото „**парицидиум**" (*parricidium*), односно таткоубиство. Тоа го опфаќало убиството на pater familias-от, како шеф на семејната заедница, како и убиството на некој свој предок – татко, мајка, дедо, баба итн.; односно на некој близок роднина: маж, жена, дете, внук, брат, сестра, стрико, тетка или, пак, некои блиски роднини на брачниот другар. Самиот термин *парицидиум* е тесно врзан со терминот parricidas кој, пак, е содржан во една одредба на закон кој му се припишува на вториот римски крал Нума Помпилиј: „Ако некој свесно и со зла намера лиши од живот слободен човек – нека биде 'парицид' (*parricidas*)"! Во она време надлежни за судење на ова дело биле посебни државни органи – т.н. парицидни квестори (*quaestores parricidii*), воведени уште со Дванаесетте таблици.[44]

Подоцна, со донесувањето на Помпеевиот закон за убијци (*Lex Pompeia de parricidio* / 55, 53 или 52 год. пр. н. е.), парицидиумот станал општоважечки термин за сите видови убиства. Во овој закон, со кој парицидиумот доби карактер на јавен деликт, биле пропишани повеќе правила и опширни одредби за **убиствата на членови од семејството**, набројувајќи ги речиси сите членови на когнатското семејство и предвидувајќи дека и за овие убиства важат правилата на претходниот Корнелиев закон за убијци и трујачи.[45] Осудениот за убиство бил казнуван на смрт со *давење* во една мошне имагинативна форма, бидејќи казната била извршувана во вид на чуден ритуал „како што е пропишан од предците". Всушност, тука се работело за т.н. *poena cullei* каде што осудениот убиец прво е тепан со палки натопени со неговата крв, а потоа бил ставан во голема вреќа изработена од волчја кожа (*culleus*) – заедно со четири видови животни. По сошивањето на вреќата, таа била фрлана в море и тој бил држен под вода сè додека не му снема воздух и не се удави; а доколку во близина немало море, осудениот бил фрлан на диви ѕверови [cf. D. 48, 9, 9 pr. – Modestinus, *Encyclopedia*, 12]:

*Според обичаите на нашите предци, востановената казна за парицид била како што следува: парицидот се камшикува со прачка во крвава боја, па [потоа] се зашива во вреќа [заедно] со куче, домашен петел, змија отровница и мајмун; по што вреќата се фрла во длабочините на морето.*[46]

**Користена литература:**

· **Класични и средновековни дела**


* Cicero, M[arcus] T[ulius]. *Res publica – Roman politics and society according to Cicero* (W. K. Lacey, B. Wiliam & J. G. Wilson - ed.). Oxford: U. P., 1970.

*Corpus Iuris Civilis*. MCMLIV (1954).

Justinian. *Digest* (Mommsen's Latin text with parallel translation – ed. A. Watson). 1985.

Livius, Titus. *Ab urbe condita*. (I & II)

Plutarh. *Usporedni životopisi.* (Knjiga III). Zagreb: August Cesarec, 1988.

Ulpijan. *Knjiga Regula* (Ulpiani – Regularum Liber Singularis). Biblioteka „Latina et Graeca", Knjiga XI. Zagreb: VPA, 1987.

**Дигесты Юстиниана* (DIGESTA IVSTINIANA) – Том II / Volumen Secundum (Книги V-XI / Libri V-XI). Ответственный редактор: Л.Л. Кофанов. [Група уредници и преведувачи]. Москва: Центр изучения Римского права - Centrum Iuris Romani Investigandi, Юридический Факультет - Facultas Iuridica, Московский Государственный Университет им. „М.В. Ломоносова" - Publica Universitas Studiorum Moscoviae "Lomonosov"; Российская Академия Наук - Academia Scientiarum Russiae; Институт всеобщей истории - Institutum Historiae Universalis; "Статут" & Золотая колекция "Консультант Плюс", 2002.

*Дигесты Юстиниана* (DIGESTA IVSTINIANA) – Том III (Книги XII-XIX). Ответственный редактор: Л.Л. Кофанов. [Група уредници и преведувачи]. Москва: Центр изучения Римского


44) Si quis hominem liberum dolo sciens morti duit, parricidas esto! Види и D. 1, 2 – *De origine iuris et omnium magistratuum et successione prudentium* (D. 1, 2, 2, 23 - *Pomponius l.S. enchir.*: Et quia, ut diximus, de capite civis romani iniussu populi non erat lege permissum consulibus ius dicere, propterea quaestores constituebantur a populo, qui capitalibus rebus praeessent: hi appellabantur quaestores parricidii, quorum etiam meminit lex duodecim tabularum).

45) D. 48, 9 – *De lege pompeia de parricidiis* (D. 48, 9, 1 - *Marcianus 14 inst.*: Lege Pompeia de parricidiis cavetur, ut, si quis patrem matrem, avum aviam, fratrem sororem patruelem matruelem, patruum avunculum amitam, consobrinum consobrinam, uxorem virum generum socrum, vitricum, privignum privignam, patronum patronam occiderit cuiusve dolo malo id factum erit, ut poena ea teneatur quae est legis Corneliae de sicariis. Sed et mater, quae filium filiamve occiderit, eius legis poena adficitur, et avus, qui nepotem occiderit: et praeterea qui emit venenum ut patri daret, quamvis non potuerit dare).

46) D. 48, 9 – *De lege pompeia de parricidiis* (D. 48, 9, 9 pr. - *Modestinus 12 pand.*: Poena parricidii more maiorum haec instituta est, ut parricida virgis sanguineis verberatus deinde culleo insuatur cum cane, gallo gallinaceo et vipera et simia: deinde in mare profundum culleus iactatur. hoc ita, si mare proximum sit: alioquin bestiis obicitur secundum divi hadriani constitutionem).

права, Юридический Факультет, Московский Государственный Университет им. „М.В. Ломоносова“; Институт всеобщей истории; Российская Академия Наук; “Статут” & Золотая колекция “Консультант Плюс”, 2003.

Ливиј, Тит. *Од основањето на градот Рим* – Книги I и II. [Превод, предговор и белешки: Весна Каплаковска]. Скопје & Мелбурн: Книгоиздателство „Матица Македонска“, 2000.

Плутарх. *Славни ликови Антике I и II – Избор из ‘Упоредних животописа’.* (Библиотека „Античка књижевност“). Нови Сад: Матица Српска, 1990.

Светониј, Гај Транквил. *Дванаесетте римски цареви*. [Превод од латински и белешки: Весна Димовска – Јањатова и Војислав Саракински]. Скопје: Култура, (Библиотека „Меридијани“), 2001.

Такит, Публиј Корнелиј. *Анали* (Превод од латински и поговор: Љубинка Басотова; Предговор: Војислав Саракински). Библиотека „Сфинга“. Скопје: Три, 2005.

**Книги**

*Borkowski, Andrew & Paul du Plesiss. *Texbook on Roman Law* [Third Edition]. Oxford: Oxford University Press (First ed. 1994 and Second ed. 1997), 2005.

Jovanović, Mila. *Komentar starog rimskog Ius civile* (*Knjiga prva: Leges Regiae*). Niš: Centar za publikacije Pravnog fakulteta u Nišu, 2002.

Malenica, Antun. *Praktikum iz Rimskog prava*, Prvi tom. Novi Sad: Pravni fakultet Novi Sad, 1997

Monteskje. *O duhu zakona – Tom II.* Beograd: ZID „Filip Višnjič“, 1989.

Nicholas, Barry. *An Introduction to Roman Law*. Clarendon Law Series. Oxford: Oxford University Press, 1962 [Hardback], 1975 [Papaerback].

*Апасиев, Димитар. *Римско судско право – I.* Скопје: Магна Карта, 2012.

–––. *Римско право – Практикум: Кодификациите на римското право*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“ (Е-Библиотека), 2015.

Вајс, Алберт и Љубица Кандиќ. *Општа историја државе и права*. Београд: Савремена администрација, 1971.

Новицкий, И[ван] Б[орисович]. *Римское право – Учебник*. Москва: Wolters Kluwer, 2009.

Пухан, Иво, Мирјана Поленак-Аќимовска. *Римско право*, IV издание. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2008.

Пухан, Иво, Мирјана Поленак-Аќимовска, Владо Бучковски и Гоце Наумовски. *Римско право*. Скопје: УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2014.

Радбрух, Густав. *Филозофија на правото*. (Превод од германски и предговор: Ѓорѓи Марјановиќ). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, 2008.

Станојевић, Обрад и Милена Јовановић. *Латински за правнике* [Десето издање]. Београд: Правни факултет - Универзитета у Београду и Јавно предузеће „Службени гласник“ (Библиотека „Приручници“, Књига 15), 2008.

**Специјализирани енциклопедии и речници**

Berger, Adolf. *Encyclopaedic Dictionary of Roman Law.* (New Series, Vol. 43, Part 2). Philadelphia: The American Philosophical Society (+ DIANE Publishing), 1953 [Reprinted 1980 and 1991].

Bujuklič, Žika. *Forum Romanum – Rimska država, pravo, religija i mitologija* [Prvo izdanje]. Beograd: Pravni fakultet u Beogradu & Javno preduzeče „Službeni glasnik“ (Biblioteka „Priručnici“), 2005.